Република Македонија
Министерство за финансии
Бр.______________________
___.___.2014 година
Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на закон за вршење на работи за застапување во царинските постапки

ЕПП.бр.______:

**Усогласеност со Годишната програма на Владата**

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
**ДА** ДЕЛУМНО НЕ

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
- на првата наредна седница

**Карактер на материјалот:**
- слободен пристап

**Итност на материјалот:**

**Прилог:**
- Предлог на закон за вршење на работи за застапување во царинските постапки
- Образец за проценка на фискалните импликации

_________________________________
Наташа Радеска Крстевска, Директор

**Дата на доставување на материјалот:**
_____.09. 2014 година

_________________________________
**м-р Зоран Ставрески**
**Заменик претседател на Влада**
**и министер за финансии**

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# М Е М О Р А Н Д У М

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

**м-р Зоран Ставрески**
**Заменик претседател на Влада и министер за финансии**

**Скопје, септември 2014**

**1. Осврт по материјалот:**
Предлогот на Закон за вршење на работи за застапување во царинските постапки е подготвен согласно заклучокот на Владата на Република Македонија усвоен на Деветтата седница одржана на 14.07.2014 година, со кој Владата го задолжи Министерството за финансии – Царинската управа во рок од три месеци да подготви и да достави текст на Предлог – закон за застапување во царинските постапки кој: ќе го дефинира статусот на царински застапник и лиценциран застапник, Царинската управа ќе се определи како надлежен орган за издавање на лиценци за застапување во царинските постапки, ќе ги пропише начинот и условите за добивање и укинување на одобрение и лиценца за застапување во царинските постапки, ќе ги дефинира правата и обврските на царинските застапници, ќе предвиди задолжителна проверка на знаењето на лиценцираните застапници и ќе определи казнени одредби поврзани со прекршување на одредбите и на другите закони поврзани со царинското работење, освен Царинскиот закон.

При подготовката на овој предлог на Закон се имаа предвид одредбите на членовите 6, 264-а, 264-б, 264-в и 264-г од Царинскиот закон со кои постојно е регулирана оваа материја поврзана со вршењето на застапување во царинските постапки, како и беа користени компаративни искуства како оваа материја уредена на национално ниво во некои од земјите членки на Европската унија, особено на Република Словенија и Република Хрватска.

Оттука, со предлогот на Закон се уредуваат условите и постапката за издавање на одобрение и лиценца за вршење на работи на застапување пред царинските органи заради спроведување на дејствија и формалности пропишани со царинските прописи, условите и постапката за полагање на стручен испит за лиценциран застапник, начинот на кој се спроведува контролата над работата на овластените царински застапници и лиценцираните застапници, како и видот на евиденциите кои се водат, а воедно се пропишуваат и прекршоци со соодветни глоби за непочитување на законските одредби.

Имено, за разлика од цитираните одредби на Царинскиот закон, со овој предлог на Закон се зајакнуваат условите и критериумите за издавање на одобрение и лиценца за застапување во царинските постапки со пропишување на дополнителни услови како што е располагањето со деловен простор и опрема за вршење на застапување во царински постапки соодветна за пристапување до компјутерскиот систем на Царинската управа и приложување на гаранција со која овластениот царински застапник ќе го гарантира исполнувањето на обврските кои може да произлезат од вршењето на застапување, додека за издавање на лиценца за вршење на застапување лиценцираните застапници задолжително треба да имаат познавање на англиски јазик на најмалку Б2 ниво, а се воведува и обврска за посетување на дополнителна обука еднаш годишно.

Во делот на полагањето на стручниот испит на лиценциран застапник се воведува задолжително посетување на претходна обука и добивање на соодветно уверение, како и дополнување на тематските области по кои се полага испитот со транзитна постапка и основи на царинската терминологија на англиски јазик.

Во делот на прекршочните одредби, се пропишани прекршоци кои според дејствието на извршување целосно се разликуваат од прекршоците опфатени со Царинскиот закон.

Воедно со предлогот на Закон се дава надлежност на министерот за финансии да донесе поблиски прописи за спроведување на овој закон, особено за определување на начинот, постапката и програмата за спроведување на претходната и дополнителната обука, стручниот испит за лиценциран застапник, како и висината на надоместоците кои ги пропишува законот и начинот на нивната распределба.

**2. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства:**

**НЕ**

**3. Разгледани можни решенија:**

**4. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог):** **НЕ**

**6. Решение кое се препорачува (со образложение):**
Владата да го разгледа и усвои Предлогот на Закон за вршење на работи за застапување во царинските постапки

**7. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**
Предлогот на законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки нема да предизвика фискални импликации во Буџетот на Република Македонија

**8. Очекувани влијанија:**

**9. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**10. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

## ВОВЕД

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на Закон е подготвен врз основа на утврдената состојба дека постојните одредби од Царинскиот закон недоволно јасно и ефикасно ја уредуваат правната материја поврзана со вршењето на работи на застапување во царинските постапки и утврдената потреба оваа материја да биде уредена со посебен закон.

За состојбата во областа на вршењето на работи на застапување во царинските постапки, Царинската управа до Владата на Република Македонија достави Информација за начинот на застапување во царинските постапки и критериумите за издавање на одобренија и лиценци со анализа на системите за пристап кон царинското застапување во ЕУ, која беше разгледана и усвоена на Деветтата седница одржана на 14.07.2014 година, при што е донесен заклучок оваа материја да биде регулирана со посебен закон со кој ќе се дефинира статусот на царински застапник и лиценциран застапник, Царинската управа ќе се определи како надлежен орган за издавање на лиценци за застапување во царинските постапки, ќе се пропише начинот и условите за добивање и укинување на одобрение и лиценца за застапување во царинските постапки, ќе се дефинираат правата и обврските на царинските застапници, ќе се предвиди задолжителна проверка на знаењето на лиценцираните застапници и ќе се определат казнени одредби.

### II. ЦЕЛИТЕ, НАЧЕЛАТА И ОСНОВНИТЕ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Овој Предлог на Закон има за цел да се уреди правната материја поврзана со вршењето на работите на застапување во царинските постапки од страна на овластените царински застапници и лиценцираните застапници.

### III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.

Предлогот на Закон нема да предизвика фискални импликации во Буџетот на Република Македонија

### IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на Закон не се потребни дополнителни финансиски средства од буџетот на Република Македонија и не повлекува материјални обврски за други субјекти

### IV. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВАТА ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Нема

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат условите и постапката за издавање на одобрение и лиценца за вршење на работи на застапување пред царинските органи заради спроведување на дејствија и формалности пропишани со царинските прописи.

(2) Со овој закон се уредуваат условите и постапката за полагање на стручен испит за лиценциран застапник, начинот на кој се спроведува контролата над работата на овластените царински застапници и лиценцираните застапници, како и видот на евиденциите кои се водат согласно овој закон.

### Член 2

Поимите употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. Лице е физичко лице или правно лице;
2. Царински формалности се сите дејствија кои мора да бидат спроведени од страна на странките и царинскиот орган со цел да се применат царинските прописи;
3. Царински орган е организациона единица на Царинската управа утврдена со закон која е надлежна за примена на царинските или другите прописи каде што може да се извршуваат сите или некои од пропишаните формалности;
4. Овластен царински застапник е лице на кого му е одобрено да врши работи на застапување во царинските постапки;
5. Лиценциран застапник е физичко лице кое има лиценца за вршење на застапување во царинските постапки и кое е овластено да потпишува царински декларации;
6. Царински прекршоци се прекршоци утврдени со Законот за Царинска управа, Царинскиот закон, Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, Законот за акцизите и/или други закони со кои одредени прекршоци се дадени во надлежност на Царинската управа
7. Здружение на застапници е групација или друга форма на организирање на шпедитери и логистички оператори при стопанска комора регистрирана во Република Македонија во која членуваат повеќе од половината од вкупниот број на овластени царински застапници и која е членка на соодветна меѓународна организација или асоцијација.

### Член 3

(1) Работи на застапување во царинските постапки може да врши трговско друштво или трговец поединец кое ги исполнува условите пропишани со овој закон и има одобрение за вршење на работи на застапување во царинските постапки (во натамошниот текст: овластен царински застапник).

(2) Овластен царински застапник ги врши работите на застапување во царинските постапки, односно спроведува царински дејствија и формалности и/или поднесува царинска декларација во име и за сметка на друго лице (директно застапување) или во свое име, но за сметка на друго лице (индиректно застапување),

само преку лице кое има лиценца за вршење на застапување (во натамошниот текст: лиценциран застапник).

(3) Одобрението и лиценцата од ставовите (1) и (2) на овој член не се преносиви на друго лице.

## II. ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

### Член 4

**(1)** Одобрение за вршење на работи на застапување во царинските постапки се издава на трговско друштво или трговец поединец кое ги исполнува следниве услови:

а) е регистрирано во Република Македонија;

б) е регистрирано за вршење дејност, која вклучува и застапување во царински постапки;

в) има вработено на неопределено време најмалку еден лиценциран застапник;

г) располага со деловен простор и опрема за вршење на застапување во царински постапки соодветна за пристапување до компјутерскиот систем на Царинската управа за обработка на царински и други документи.;

д) приложува гаранција, со која ќе го гарантира исполнувањето на обврските кои може да произлезат од вршењето на застапување во царински постапки според овој закон;

ѓ) во последните две години кои непосредно претходат на датумот на поднесување на барањето за одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки, не е огласено за виновно со правосилна одлука на надлежен прекршочен орган, односно суд за сторен царински прекршок или не е осудено со правосилна одлука на надлежен суд за кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривично дело против службената должност, кривично дело против правниот сообраќај или кривично дело определено со законот за акцизите;

е) нема ненамирени обврски и долгови кон државата.

**(2)** Одобрението од став (1) на овој член го издава Царинската управа, по писмено барање на трговското друштво или трговецот поединец.

**(3)** Одобрението од став (1) на овој член Царинската управа го издава во рок од 30 дена од денот на приемот на уредно поднесеното барање кон кое се приложени сите докази за исполнетост на условите од став (1) на овој член.

**(4)** Со прописот од член 22 на овој закон се определуваат доказите за исполнетост на условите од став (1) на овој член и образецот на барањето од став (2) на овој член.

### Член 5

Овластениот царински застапник е должен во рок од осум дена писмено да ја извести Царинската управа за секоја промена која се однесува на исполнување на условите пропишани со член 3 став (1) на овој закон кои се релевантни за издавање, изменување или укинување на одобрението за вршење на работи на застапување во царинските постапки или лиценцата за вршење на застапување.

## III. ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Член 6

(1) Лиценца за вршење на застапување во царинските постапки се издава на лице кое ги исполнува следните услови:

а) има најмалку средно образование, најмалку две години работно искуство во областа на царинското работење и положен стручен испит за лиценциран застапник или

б) има високо образование од специјализиран факултет од областа на царинското работење и најмалку две години работно искуство од областа на царинското работење или

в) има најмалку средно образование, најмалку пет години работно искуство на работни места во Царинската управа од областа на царинското работење и положено стручен испит за царински службеник, а не му престанал работниот однос во Царинската управа поради изречена дисциплинска мерка отказ за сторена повреда на царинските и други прописи кои ги применува Царинската управа.

(2) Покрај условите од став (1) на овој член лицето треба да ги исполнува и следните услови:

а) во последните две години кои непосредно претходат на датумот на поднесување на барањето за издавање на лиценца, не е огласен за виновен со правосилна одлука на надлежен прекршочен орган, односно суд за сторен царински прекршок или не е осуден со правосилна одлука на надлежен суд за кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривично дело против службената должност, кривично дело против правниот сообраќај или кривично дело определено со законот за акцизите, и

б) да има уверение од овластена образовна институција за познавање на англиски јазик најмалку на ниво Б2.

(3) Лиценцата од ставот (1) на овој член ја издава Царинската управа по писмено барање на лицето.

(4) Лиценцата од ставот (3) на овој член Царинската управа ја издава во рок од 30 дена од денот на приемот на уредно поднесеното барање кон кое се приложени сите докази за исполнетост на условите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Со прописот од член 22 на овој закон се определуваат доказите за исполнетост на условите од ставовите (1) и (2) на овој член, образецот на барањето од став (3) на овој член и на легитимацијата од член 7 на овој закон.

Член 7

(1) Со лиценцата од членот 6 на овој закон, на лиценцираниот застапник му се издава и легитимација на лиценциран застапник (во понатамошниот текст: легитимација).

(2) При вршењето на работите во службените простории или просториите на Царинската управа или додека е вклучен во спроведувањето на службени работи надвор од работниот простор, лиценцираниот застапник е должен легитимацијата од став (1) на овој член да ја носи на себе на видливо место.

(3) Лиценциран застапник ако воспостави работен однос кај друг овластен царински застапник е должен да побара од Царинската управа реиздавање на легитимацијата од став (1) на овој член.

Член 8

(1) Лиценцираниот застапник е должен во рок од осум дена писмено да ја извести Царинската управа за секоја промена која се однесува на исполнување на условите од член 6 на овој закон кои се релевантни за издавање или укинување на издадената лиценца за вршење на застапување и/или реиздавње на издадената легитимација.

Член 9

За издавање на лиценцата од член 6 на овој закон и издавање или реиздавање на легитимацијата од член 7 на овој закон, Царинската управа наплатува надоместоци во износи определени со прописот од член 22 на овој закон.

## IV. УКИНУВАЊЕ НА ИЗДАДЕНО ОДОБРЕНИЕ И ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ

Член 10

Царинската управа го укинува одобрението за вршење на работи за застапување во царинските постапки ако:

а) после издавање на одобрението настапат околности поради кои овластениот царински застапник повеќе не ги исполнува условите пропишани во член 3 на овој закон;

б) после издавање на одобрението над овластениот царински застапник е отворена стечајна постапка;

в) во период од 30 дена од денот на издавање на одобрението не побара од Царинската управа пристап во компјутерскиот систем за обработка на царински документи. Овластениот царински застапник и Царинската управа со договор меѓусебно ги уредуваат правата и обврските за пристапување во компјутерскиот систем за обработка на царински документи, согласно закон.

Член 11

(1) Царинската управа ја укинува издадената лиценца за вршење на застапување во царински постапки ако настапат околности поради кои лиценцираниот застапник повеќе не ги исполнува условите пропишани во член 6 на овој закон.

(2) Царинската управа ја укинува издадената лиценца за застапување во царинските постапки ако лиценцираниот застапник два пати последователно не присуствувал на дополнителната обука од член 20 на овој закон.

(3) Во случаи од ставовите (1) и (2) на овој член лиценцираниот застапник е должен во рок од осум дена да ја врати издадената легитимација.

## V. СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦИРАН ЗАСТАПНИК

Член 12

(1) Стручен испит за лиценциран застапник може да полага лице кое:

а) има завршено најмалку средно образование,

б) има најмалку една година работно искуство во областа на царинското работење,

в) има уверение од овластена образовна институција за познавање на англиски јазик најмалку на ниво Б2 и

г) има уверение за посетена претходна обука за лиценциран застапник.

(2) Претходната обука за лиценциран застапник ја организира и ја спроведува Царинската управа самостојно или во соработка со здружението на застапници.

(3) За посетување на претходната обука за лиценциран застапник се плаќа надоместок во висина на реалните трошоци за негово спроведување.

Член 13

(1) Стручен испит за лиценциран застапник се полага во Царинската управа.

(2) Стручниот испит за лиценциран застапник се состои од следниве области:

- царински формалности за ставање на стока на увид на царински органи,
- спроведување на транзитна постапка,
- шпедитерско работење,
- царински дозволено постапување или употреба на стока,
- царински постапки,
- царински и други давачки,
- нетарифни мерки и мерки на трговска политика и
- царинска тарифа,
- потекло на стока,
- вредност на стока за царински потреби,
- даноци, акцизи и даночна политика,
- транспорт и транспортно осигурување,
- изготвување и употреба на царинска декларација и
- основи на царинската терминологија на англиски јазик.

(3) За полагање на стручниот испит за лиценциран застапник се плаќа надоместок во висина на реалните трошоци за негово спроведување.

Член 14

(1) Стручниот испит за лиценциран застапник го спроведува Комисија која со решение ја именува министерот за финансии.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член брои 8 члена и нивни заменици, составена од претставници на Царинската управа, Министерството за финансии и здружението на застапници, со мандат од 2 години со право на реименување за уште еден мандат.

Член 15

(1) За полагањето на стручниот испит кандидатот се оценува со оцена: „го положи испитот“ или „не го положи испитот.“

(2) За положен стручен испит за лиценциран застапник се издава уверение, кое го потпишува претседателот на Комисијата.

Член 16

Со прописот од член 22 на овој закон поблиску се определуваат постапката и програмата за спроведување на претходната обука и за полагање на стручниот испит за лиценциран застапник, како и се определуваат износите на надоместоците од член 12 став (3) и член 13 став (3) на овој закон и начинот на нивната распределба.

## VI. ЕВИДЕНЦИЈА, ОБРАБОТКА И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

### Член 17

(1) Царинската управа во согласност со закон со кој се уредува заштитата на личните податоци собира, евидентира, обработува и заштитува лични и други податоци за лицата кои посетувале претходна обука или дополнителна обука или кои полагале стручен испит за лиценциран застапник, како и за имателите на одобренија за овластени царински застапници и за лиценцираните застапници.

(2) Со прописот од член 22 на овој закон се определува видот и начинот на водење на евиденцијата од став (1) на овој член.

## VII. НАДЗОР И КОНТРОЛА

### Член 18

(1) Над-зор и контрола над работењето на овластените царински застапници и лиценцираните застапници врши Царинската управа.

(2) Царински орган може да влегува во деловни простории на овластен царински застапник во текот на работното време, со цел спроведување на надзот и контрола на неговото работење и работењето на лиценцираните застапници кои се вработени кај него.

(3) За наодите од извршената контрола од став (1) на овој член царинскиот орган изготвува записник за извршена контрола.

(4) Начинот и постапката на спроведувањето на надзорот и контрола од став (1) на овој член го определува директорот на Царинската управа.

### Член 19

(1) Одговорното лице на овластениот царински застапник и лиценцираниот застапник се должни веднаш на прво барање на царински орган кој ја спроведува контролата од член 18 на овој закон да одговорат на сите прашања во однос на преземените дејствија заради застапување, како и да ги приложат бараните документирани докази и да овозможат преглед на истите без разлика на тоа во каков облик се чуваат.

(2) Кога деловните евиденции и други документи овластениот царински застапник и лиценцираниот застапник ги чуваат во електронска форма, царинскиот орган има право на пристап до базата на податоци на компјутерскиот систем, како и право да побара да бидат изготвени и да му бидат приложени сите документи или декларации што би ги потврдиле податоците што се чуваат во електронска форма.

(3) Царинскиот орган може да направи копии или да користи извадоци од сите документи што произлегле согласно со одредбите на овој член.

### Член 20

(1) Царинската управа еднаш годишно самостојно или во соработка со здружението на застапници организира и спроведува дополнителна обука за лиценциран застапник.
(2) За посетување на претходната обука за лиценциран застапник се плаќа надоместок во висина на реалните трошоци за нејзино спроведување.
(3) Со прописот од член 22 на овој закон се определува програмата за спроведување на дополнителната обука на лиценциран застапник и висината на надоместокот од став 2 на овој член и начинот на распределба на остварените средства.

## VIII. АКТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРИМЕНА НА ПРОПИСИТЕ

### Член 21

(1) Ако со овој закон поинаку не е определено, се применува Законот за општата управна постапка.
(2) Против одлуките, што во управна постапка ги донесува царинскиот орган или Комисијата од член 12 на овој закон може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на доставувањето на одлуката, по која одлучува министерот за финансии или од него овластено лице.
(3) Жалбата не го одлага извршувањето на одлуката.

## IX. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ НА ОВОЈ ЗАКОН

### Член 22

Министерот за финансии донесува поблиски прописи за спроведување на овој закон.

## X. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 23

За водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција и посебна прекршочна мерка за сторен прекршок од овој закон, исклучива надлежност има прекршочниот орган утврден со Законот за Царинската управа.

### Член 24

За прекршоците предвидени во овој закон не се води постапка на порамнување и посредување.

### Член 25

(1) Прекршочна постапка по прекршоците од овој закон не може да се поведе ако поминале повеќе од пет години од денот на извршување на прекршокот.
(2) Застареноста се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган што се презема заради гонење на сторителот на прекршокот. Со секое прекинување на рокот застареноста почнува одново да тече, но прекршочната постапка не може да се поведе, ниту натаму да се води по истекот на десет години од денот кога е сторен прекршокот.

### Член 26

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговско друштво или трговец поединец, ако без одобрение врши работи на застапување во царински постапки.

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во трговското друштво за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 27

(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот царински застапник, ако:

а) вршењето на работи на застапување во царински постапки го довери на лице кое не е лиценциран застапник; или

б) во утврдениот рок не ја извести Царинската управа за секоја промена која се однесува на исполнување на условите од членовите 3 и 5 на овој закон кои се релевантни за издавање или одземање на одобрението за вршење на работи на застапување или лиценцата за вршење на застапување.

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај овластениот царински застапник за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 28

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице кое без лиценца издадена од Царинската управа врши работи на застапување во царински постапки;

Член 29

Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лиценциран застапник ако

а) во определениот рок не ја врати издадената легитимација во случаите од член 11 на овој закон;

б) работејќи како лиценциран застапник на себе не ја носи издадената легитимација;

в) на барање на царински службеник веднаш не достави на увид документи потребни за утврдување на неговиот статус

Член 30

(1) Глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лиценциран застапник ако во царинска декларација внесе податок кој е во спротивност со податоците од документите кои му ги доставило лицето кое го застапува.

(2) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лиценциран застапник ако во царинска декларација внесе податок кој е во спротивност со податоците од документите кои му ги доставило лицето кое го застапува, а погрешно внесениот податок предизвикува плаќање на царинскиот долг во поголем или помал износ.

Член 31

(1) На овластен царински застапник кој два пати правосилно е казнет за сторен прекршок од членовите 26 и 27 на овој закон, може да му се изрече мерка забра-

на за вршење на работи на застапување во царински постапки во период од три месеци.

(2) На лиценциран застапник кој два пати правосилно е казнет за сторен прекршок од членовите 29 и 30 на овој закон, може да му се изрече мерка забрана за работење како лиценциран застапник во период од три месеци.

Член 32

Царинската управа трајно го одзема одобрението за вршење на работи на застапување во царинските постапки, односно трајно ја одзема лиценцата за вршење на застапување ако на овластениот царински застапник, односно на лиценцираниот застапник два пати во период од две години со правосилна одлука им е изречена мерката од член 31 на овој закон.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33

(1) Прописот од член 22 на овој закон ќе биде донесен во рок од шест месеци од стапувањето на сила на овој закон.

(2) До денот на стапувањето на сила на овој закон, ќе се применуваат одредбите на Царинскиот закон кои го регулираат вршењето на работи на застапување во царинските постапки.

Член 34

Овластените царински застапници се должни во рок од шест месеци од влегувањето во сила на прописот од член 22 на овој закон да го усогласат своето работење и ги исполнат условите согласно овој закон.

Член 35

Овој закон стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Бр.
___________ 2014 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
Трајко Вељановски, с.р.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Одредбите на Предлогот на Закон се опфатени во 35 членови систематизирани во 11 Глави на Законот.

Со одредбите од член 1 до член 4 на Глава 1 на Законот се претставува материјата која се уредува со овој закон, како и се дадени дефиниции на одредени поими кои се употребуваат во овој закон.

Со одредбите од член 4 до член 6 содржани во Глава 2 и од член 6 до член 10 содржани во Глава 3 на Законот се пропишани условите и постапката за издавање на одобрение и лиценца за вршење на работи на застапување пред царинските органи, како и обврската овластениот царински застапник и лиценцираниот застапник во определен рок писмено да ја известат Царинската управа за секоја промена на овие услови, а воедно се пропишува постапката на издавање на легитимацијата на лиценцираниот застапник и неговите обврски поврзани со оваа легитимација.

Со одредбите од член 10 до член 12 на Глава 4 од Законот се определени случаите кои доведуваат до укинување на издаденото одобрение или лиценца за вршење на застапување во царинските постапки, како и обврската за лиценцираниот застапник за враќање на издадената легитимација во определен рок.

Со одредбите од член 12 до член 17 на Глава 5 од Законот се уредува начинот и постапката за спроведување на стручниот испит за лиценциран застапник.

Со одредбите од член 17 на Глава 6 и од член 18 до член 21 на Глава 7 се пропишува видот и начинот на водење на евиденција и спроведувањето на надзор и контрола над работата на овластените царински застапници и лиценцираните застапници.

Со одредбата на член 21 на Глава 8 на Законот се пропишува примената на Законот за општата управна постапка и начинот и постапката за изјавување на жалба против одлуките донсени согласно овој закон, а со одредбите на и на член 22 од Глава 9 се пропишува дека за спроведување на одредбите на овој закон министерот за финансии ќе донесе поблиски прописи.

Прекршочните одредби со кои се уредуваат прекршоците и прекршочната постапка која се спроведува при повреда на материјалните одредби од Законот, се опфатени од член 23 до член 33 на Глава 10 од Законот.

Со одредбите од член 33 до член 35 се уредени преодните и завршни одредби на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Одредбите на предлогот на Закон се меѓусебно поврзани со одредени одредби од Царинскиот закон бидејќи се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Правилно и законито постапување во вршењето на работите на застапување во царинските постапки.